**АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА**
**Јакимовски**
ул. Ѓуро Ѓоновиќ бр.11-7, Скопје

Моб.: +389 78 315 667; Моб.: +389 75 424 636; e-mail: advokatjakimovski@gmail.com

03/ 13.11.2023
ОН
Р. Мишкоски
Д. Ивановски
В. Заикова

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 13.11.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | 6752 | | |

До
**АД МЕПСО Скопје**
Ул.Максим Горки бр. 4 -1000 Скопје

**Од**
Весна Билбиловска од Скопје, со ЕМБГ 3008972455069 и живеалиште на ул. Фрањо Клуз бр.8-5 Скопје – Аеродром, преку полномошник адвокат Иван Јакимовски од Скопје

**Предмет**: БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР – БАРАЊЕ ЗА ДОСТАВА НА КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР

Почитувани;

Врз основа на одредбите од Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и согласно Закон за адвокатура, се обраќаме до Вас со цел да го обезбедиме на увид Колективниот договор кој е моментално на сила, а се однесува на вработените кај АД МЕПСО.

Имено подносителот на ова барање како сопруга на Ваш вработен (сега покоен) има правен интерес за остварување на нејзините права и поволности кои произлегуваат од самите одредби на колективниот договор кој се однесува на Вашите вработени.

Согласно горенаведеното бараме во рок од 3 дена од приемот на ова барање да се постапи по истото и да ни биде доставен Колективниот договор кој важи за вработените од АД МЕПСО во државна сопственост Скопје.

Благодариме на соработката;

За контакт : e-mail: advokatjakimovski@gmail.com
tel: 078/315-667

во прилог на ова барање доставувам:
-полномошно за барателот

за подносителот, полномошник
адвокат Иван Јакимовски

АДВОКАТ
ИВАН ЈАКИМОВСКИ
ул. Ѓуро Ѓоновиќ бр.11-7 Скопје
Лиценца Бр. 4585



Адвокат Иван Јакимовски
ЕМБС: 7463090
ЕДБ: 5080020510015
ж-ска: 200003792224110
Стопанска Банка АД Скопје

**АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА**
**Јакимовски**
ул. Ѓуро Ѓоновиќ бр.11-7, Скопје

Моб.: +389 78 315 667; Моб.: +389 75 424 636; e-mail: advokatjakimovski@gmail.com

АДВОКАТ
ИВАН ЈАКИМОВСКИ
ул. Ѓуро Ѓоновиќ бр.11-7 Скопје
Лиценца Бр. 4685

# ПОЛНОМОШНО

Јас, долупотпишаната Весна Билбиловска од Скопје, со ЕМБГ 3008972455069 и живеалиште на ул. Фрањо Клуз бр.8-5 Скопје - Аеродром го овластувам адвокат Иван Јакимовски од Скопје да може, во мое име и за моја сметка да ги презема сите потребни дејствија заради остварување на моите права за наплата на парична помош во случај на смрт на вработенолице, согласно колективен договор кој важи за вработените од АД МЕПСО во државна сопственост Скопје.

Адвокатот со ова полномошно е овластен да може, во мое име и за моја сметка како и за сметка на моите малолетни деца:

- да ме застапува кај сите судови, други државни органи и други правни субјекти;
- да поднесе тужба, да ја повлече тужбата, да го признае тужбеното барање против мене или да се одрече од тужбеното барање;
- да склучува порамнување;
- да поднесе жалба и други редовни и вонредни правни лекови и да се одрече или откаже од нив;
- од спротивната странка да ги прими досудените трошоци;
- да бара издавање на привремени мерки за обезбедување;
- да поднесе барање за извршување или обезбедување и да презема потребни дејствија во постапката по повод таквото барање;
- да може да поднесе барање до државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа и лицата кои вршат јавни овластувања и други правни лица заради обезбедување на податоци, исправи и друго;

Ова полномошно го давам на неопределено време и истото важи се до негово отповикување од моја страна или од страна на овластениот адвокат.



Адвокат Иван Јакимовски
ЕМБС: 7463090
ЕДБ: 5030020510015
ж-ска: 200003792224110
Стопанска Банка АД Скопје

**АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА**
**Јакимовски**
ул. Ѓуро Ѓоновиќ бр.11-7, Скопје

Моб.: +389 78 315 667; Моб.: +389 75 424 636; e-mail: advokatjakimovski@gmail.com

Ова полномошно заедно со сите наведени овластувања адвокатот може да го пренесува на трето лице, односно да даде замбеничко полномошно на друг адвокат.

Во моментот на потпишување на ова полномошно, запознаен сум со одредбите на Тарифата за надоместок на трошоците за работа на адвокатите.

Согласен сум досудените трошоци во постапката да се исплатат на сметка на адвокат Иван Јакимовски од Скопје.

Во моментот на потпишување на ова полномошно, запознаен сум со одредбите на Тарифата за надоместок на трошоците за работа на адвокатите.

Скопје, 30.10.2023 година

Властодавец



Адвокат Иван Јакимовски
ЕМБС. 7463090
ЕДБ: 5080020510015

Врз основа на член 20, член 24 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19) а во врска со поднесеното барање од Весна Билбиловска, ул. Фрањо Клуз бр. 8/5, Скопје, преку полномошник адвокат Иван Јакимовски од Скопје, заверено под архивски број 03-6752 од 13.11.2023 година, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното

Бр.-Nr. 03-6752/1
20.11.2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**РЕШЕНИЕ**

Се **ПРИФАЌА** барањето на Весна Билбиловска, ул. Фрањо Клуз бр. 8/5, Скопје, преку полномошник адвокат Иван Јакимовски од Скопје, заверено под архивски број 03-6752 од 13.11.2023 година, за пристап до информации од јавен карактер.

Му се овозможува на барателот Весна Билбиловска, ул. Фрањо Клуз бр. 8/5, Скопје, преку полномошник адвокат Иван Јакимовски од Скопје да се запознае со содржината на бараната информација преку увид и преку писмена достава на бараната документација.

**Образложение**

Барателот на информации од јавен карактер Весна Билбиловска, ул. Фрањо Клуз бр. 8/5, Скопје, преку полномошник адвокат Иван Јакимовски од Скопје достави барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, заверено под архивски број 03-6752 од 13.11.2023 година.

Барателот бара да се обезбеди на увид Колективниот договор на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје кој е моментално на сила а се однесува на вработените на Друштвото.

Информацијата ја бараат на увид и во писмена форма.

Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје по разгледување на барањето одговори позитивно и смета дека бараните податоци се од јавен интерес.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

ПРИЛОГ: Колективен договор на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје, арх. бр. 01-2505 од 20.04.2023 г.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение барателот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје
Генерален директор
Zuhdi Enuz

Службени лица за посредување со ИЈК
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но: Полномошник адвокат Иван Јакимовски од Скопје
Службени лица за посредување со ИЈК
Архива